**20210771177**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 2 април 2021 година.

Бр. 08-1781/1
2 април 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА

Член 1

Во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11, 192/15, 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 244/19) по членот 22 се додава нов член 22-а, кој гласи:

„Член 22-а

Буџет на општината за 2021 година

По исклучок од членот 22 став (2) од овој закон, сопствените приходи на основниот буџет на општината може да се планираат со пораст од најмногу 50% од просечно остварените приходи во последните три години, според податоците од трезорската евиденција.

Доколку на крајот на фискалната година општините имаат остварено вишоци на сметките за блок дотации од Буџетот на Република Северна Македонија, а притоа јавните установи кои се финансираат од блок дотацијата немаат неизмирени обврски, општината со Одлука на Советот на општината овие средства може да ги префрли на сметката на основниот буџет за финансирање на нејзините надлежности или на посебна наменска сметка за финансирање на конкретен проект или активност, по претходно обезбедена согласност од Владата на Република Северна Македонија.“.

Член 2

Одредбите од членот 22-а од овој закон ќе се применуваат во периодот од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.